СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА

ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА

КАМЕНИЦА

БРОЈ 37

Македонска Каменица

Година XXI
17.06.2024

Излегува по потреба
гласникот е бесплатен

Јуни 2024

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на проектот „Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион” ALLURE “From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area” ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1230/1 **Градоначалник**
17.06.2024 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002),и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на Општина Македонска Каменица на 40^{та} седница одржана на ден 17.06.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

за целите на проектот

„***Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион****”*

“From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area”

ALLURE

финансиран преку

Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

Член 1

Се одобрува Општина Македонска Каменица да аплицира како партнер во проект „*Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион*” ALLURE, по однос на Поканата за учество на Ограниченият повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200047 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2. Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

Член 2

Се одобрува бесплатно право на користење на недвижен имот евидентиран на: КП 12 КО Саса, И.Л. 356 м.в. ГОЛЕМА РОЗИНА; КП 32 КО Саса, И.Л. 356 м.в. КОСОВО; КП 35 КО Саса, И.Л. 356 м.в. ШАРАНОВИЌ; КП 5651 КО МОШТИЦА, И.Л. 195 м.в. ПЛАШТА; КП 2156 КО КОСЕВИЦА, И.Л. 101, м.в. РАМНА ВОДА, КП 2255, КО КОСТИН ДОЛ, И.Л. 78, м.в. МРАВУЛЈАК, за спроведување на целите на проектот „*Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион*” ALLURE. Проектните активности на горенаведените катастарски парцели се во врска со уредување и означување на велосипедски патеки, поставување на засолништа за велосипедисти и постројки и полначи за електрични велосипеди на територија на Општина Македонска Каменица.

Член 3

Целта на проектот од член 1 на оваа Одлука нема да биде променета во период од најмалку 5 (пет) години по одобрување на финалното барање за плаќање за проектот.

Член 4

Градоначалникот на Општина Македонска Каменица ќе потпише Договор за партнерство со останатите проектни партнери за реализацијата на проектот “*Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион*” ALLURE.

Член 5

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1231/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за учество, разработка и имплементација на проект “Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион” ALLURE, “From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area” ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1232/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на Општина Македонска Каменица на 40та седница одржана на ден 17.06.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
ЗА УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ

“Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион”ALLURE,
“From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area” ALLURE
финансиран преку
Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

Член 1

Општина Македонска Каменица ќе учествува како проектен партнер по однос на Поканата за учество на Ограниченият повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200047 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2.Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Македонска Каменица да го потпише Меморандумот за партнерство за проектот “*Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион*” ALLURE во кој водечки партнер е Општина Белица од Република Бугарија и да ги потпише сите потребни документи и анекси неопходни за аплицирање.

Член 3

Се одобрува градоначалникот на Општина Македонска Каменица да потпише изјава со која се гарантира дека во случај на одобрување на проектот од Буџетот на Општина Македонска Каменица времено ќе се обезбедат финансиски средства потребни за реализирање на проектните активности, сè до рефундацијата на трошоците од страна на програмата.

Финансиските средства добиени од Општина Македонска Каменица по добивањето на средствата од програмата ќе бидат вратени на сметката на Буџетот на Општина Македонска Каменица.

Проектот “*Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион*” ALLURE ќе биде реализиран со поддршка на активности утврдени во стратешките документи за развојот на Општина Македонска Каменица.

Член 4

Општина Македонска Каменица ќе обезбеди слободно право на користење и одржување на стекнатите резултати од проектот за период не помал од 5 (пет) години по одобрувањето на финалното барање за плаќање на проектот, а нивната наменета употреба нема да биде променета во текот на споменатиот период.

Член 5

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1233/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишен извештај на КИЦ„ Романса ” Македонска Каменица за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1234/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019,38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 40^{та} седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишен извештај на
КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои Годишниот извештај на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година.

Годишниот извештај на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1235/1 **Совет на општина М.Каменица**
17.06.2024 г. **Претседател**
М.Каменица **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Завршна сметка на КИЦ„ Романса ” Македонска Каменица за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1236/1 **Градоначалник**
17.06.2024 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019,38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 40^{та} седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на завршна сметка на
КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица ја усвои завршната сметка на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година.

Завршната сметка на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2023 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1237/1 **Совет на општина М.Каменица**
17.06.2024 г. **Претседател**
М.Каменица **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „ Романса” Македонска Каменица за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1238/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019,38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 40^{та} седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2024 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица ја усвои Годишната програма за култура на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2024 година.

Годишната програма за култура на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2024 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1239/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2025 година бр.04-159/1 од 06.06.2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1240/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/2020 и 302/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 40^{та} седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2025 година

Член 1

Советот на Општина Македонска Каменица дава согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2025 година заведен под бр.04-159/1 од 06.06.2024 година.

Годишниот план за вработување е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1241/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1242/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 40та седницата одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на финансиски извештај за работењето на ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои финансискиот извештај за работењето на ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година.

Финансискиот извештај за работењето на ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1243/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за неусвојување на измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1244/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 40та седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

Одлука за неусвојување на измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2024 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица не го усвои предлогот на Градоначалникот на општина Македонска Каменица, Развојната програма ЕАО - Изградба на дом за стари лица и Изградба на Стационар за кучиња за 2024 година да се укине, а да се донесе нова Развојна програма ЕАА - Изградба на нова административна зграда на Општина Македонска Каменица.

Предлогот на Градоначалникот на општина Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1245/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Правилник

1. Се прогласува Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на избор на образовен/личен асистент за потребите на ученици со посебни обазовни потреби во средно образование во општина Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1246/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002) и член 20 став од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 40та седница одржана на ден 17.06.2024 година донесе:

П Р А В И Л Н И К
за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на избор на образовен/личен асистент за потребите на ученици со посебни образовни потреби во средно образование во општина Македонска Каменица

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на избор на образовен/личен асистент за потребите на ученици со посебни образовни потреби во средно образование во општина Македонска Каменица.

Член 2

Обезбедувањето на образовни и лични асистенти е заради давање поддршка на на учениците со посебни образовни потреби во согласност со нивните индивидуални потреби со цел да им се овозможи учество во образовниот процес на еднаква основа со другите ученици.

Член 3

Образовен/личен асистент се обезбедува за ученик со попреченост без разлика во кој клас од средното образование учи ученикот. Образовните и личните асистенти се вработуваат од страна на Општина Македонска Каменица, на определено време, најмногу до крајот на учебната година. Средствата за образовните/личните асистенти се обезбедуваат од Буџетот на Општина Македонска Каменица.

НАЧИН НА ПОБАРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИ И ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ

Член 4

Општинското средно училиште барањата за обезбедување образовни/лични асистенти ги доставува до општина Македонска Каменица.

Општинското средно училиште барањата за обезбедување образовни/лични асистенти од став 1 на овој член за учениците запишани во средно образование ги доставува до крајот на месец јули од тековната година, за наредната учебна година.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Изборот на образовен/личен асистент се врши врз основа на јавен оглас, распишан од страна на Општина Македонска Каменица.

Предност ќе имаат кандидатите што:

-имаат завршено високо образование: дипломиран психолог, дипломиран педагог, дипломиран дефектолог или дипломиран социјален работник

-имаат претходно искуство во работа како образовни/лични асистенти

Член 6

Заинтересираните лица по објавениот оглас од член 5 од овој правилник ја доставуваат следнава документација:

- Пријава за кандидат за образовен/личен асистент
- Важечка лична карта на увид
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда од Агенција за вработување(доколку кандидатот е невработено лице евидентирано во Агенцијата за вработување)

Член 7

По доставените пријави од страна на Градоначалникот се врши избор на кандидати за образовен/личен асистент и списокот на избрани кандидати се доставува до директорот на училиштето.

Член 8

Избраните кандидати за образовни/лични асистенти склучуваат договор за вработување на определено време со Општина Македонска Каменица.

Избраните кандидати ќе бидат работно ангажирани како образовни/лични асистенти на ученици со посебни образовни потреби вклучени во образовниот процес во средното општинско училиште на територијата на општина Македонска Каменица. Тие ќе имаат полно работно време од триесет (30) работни часа неделно, односно 6 часови дневно (еднакво на 6 школски часови на ден) во период од девет(9) месеци, почнувајќи од 1ви септември до крајот на учебната година.

За кандидатите кои ќе бидат вработени се предвидува паричен надоместок во висина на минимална плата во државата, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Македонска Каменица.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Општина Македонска Каменица има обврска да распише Јавен оглас по доставено барање за обезбедување образовни/лични асистенти од страна на средното општинско училиште најдоцна во рок од 15 дена по приемот на барањето.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Број 08-1247/1
17.06.2024 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на проектот „Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион" ALLURE "From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area" ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.....стр.1

2. Одлука за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на проектот „Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион" ALLURE "From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area" ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.....стр.1-2

3. Заклучок за прогласување на Одлука за учество, разработка и имплементација на проект "Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион" ALLURE, "From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area" ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.....стр.2

4. Одлука за учество, разработка и имплементација на проект "Преку подобро искористување на природното и историското наследство до зголемена туристичка атрактивност на прекуграничниот регион" ALLURE, "From better utilization of natural and historical heritage to increased tourist attractiveness of the cross-border area" ALLURE Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.....стр.3-4

5. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај на КИЦ„ Романса " Македонска Каменица за 2023 година.....стр.4

6. Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2023 година.....стр.4-5

7. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на КИЦ „ Романса " Македонска Каменица за 2023 година.....стр.5

8. Одлука за усвојување на Завршна сметка на КИЦ„ Романса " Македонска Каменица за 2023 година.....стр.5

9. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ„ Романса” Македонска Каменица за 2024 година.....стр.6

10. Одлука за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ„ Романса” Македонска Каменица за 2024 година.....стр.6

11. Заклучок за прогласување Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2025 година бр.04-159/1 од 06.06.2024 година.....стр.6-7

12. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица за 2025 година бр.04-159/1 од 06.06.2024 година.....стр.7

13. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година бр.05-167/1 од 15.05.2024 година.....стр.7-8

14. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за период од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година бр.05-167/1 од 15.05.2024 година.....стр.8

15. Заклучок за прогласување на Одлука за неусвојување на измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2024 година.....стр.8

16. Одлука за неусвојување на измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2024 година.....стр.9

17. Заклучок за прогласување на Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на избор на образовен/личен асистент за потребите на ученици со посебни обазовни потреби во средно образование во општина Македонска Каменица.....стр.9

18. Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на избор на образовен/личен асистент за потребите на ученици со посебни обазовни потреби во средно образование во општина Македонска Каменица.....стр.9-11

19. Содржина.....стр.12-13